СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ
KLUBI I DEPUTETEVE
PARLIAMENTARY WOMEN'S CLUB



# КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ
# 2003 - 2024

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

IMPLEMENTED BY:

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

**Оваа публикација е изготвена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), која е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку Швајцарската Амбасада во Република Северна Македонија. ПСП се спроведува од Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Содржината на оваа публикација на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на СДЦ.**

## СОДРЖИНА


**1. Почетни обраќања**

Обраќање на Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички
Обраќање на Благица Ласовска, заменичка-претседателка на Клубот на пратенички
Обраќање на Гордана Силјановска - Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности за жените и мажите
Обраќање на Цветанка Иванова - генерална секретарка на Собрание на Република Северна Македонија
Обраќање на Роберт Скот Хејзлет, виш резидентен директор, НДИ

**2. Вовед**

Историски преглед на учеството на жените во Собранието на Република Северна Македонија

**3. Поранешни составi на Клубот на пратенички**

Поважни достигнувања на Клубот на пратенички од 2003-2020
Пораки на поранешни координаторки
Листа на претседателства на Клубот

**4. Прва пленарна седница за унапредување на родовата еднаквост и 20-годишнина на Клубот на пратенички**

**5. Состав на Клубот на пратенички од 2020-2024**

**5. Поважни активности на Клубот на пратенички во мандатот 2020-2024**

**6. Достигнувања на Клубот на пратенички**

## Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички



**Нема поголема борба од борбата за родовата еднаквост!**

Во овие три и пол години, ние пратеничките поминуваме низ тежок период на пандемиско и постпандемиско време, кога најмногу погодени се повторно жените. Разговараме, бараме решенија, предлагаме мерки и политики за ублажување на последиците. Покрај сите бури и препреки 20 години натпартиска соработка како модел по кој е препознаен Клубот на пратенички, придонесе да придвижиме одредени родови перспективи како во донесувањето на повеќе закони, но уште повеќе кон тоа да тежнееме и да бидеме упорни кон промените кои треба да следат.

Благодарение на добрата соработка на Клубот на пратенички со граѓанските и меѓународните организации, денес во Собранието имаме повеќе обучени пратеници и пратенички за родовите прашања. Тежнееме кон работна средина без вознемирување, со предвидлив календар за работа и по флексибилно работно време, бараме кон Собрание со родово сензитивен јазик, Собрание во кое проценката на родовите влијанија во законите мора да стане задолжителна практика. Постигнавме Собрание во кое имаме посебни пленарни седници на кои разговараме и дополнително ќе ги унапредуваме родовите прашања. Родовиот јаз и понатаму останува предизвик за клучните политички функции (претседателска, премиерска, министерски и градоначалнички позиции) и раководни позиции во државните и јавните институции. За ова прашање говориме но потребно ни е законско решение.

Клубот на пратенички секогаш е будно око и коректив, но потребни ни се законски решенија во правец на воспоставување механизам со кој ќе биде зголемен бројот на жените во политиката и на другите одлучувачки позиции на разни нивоа на власт, во извршната и во локалната власт. Време е да моделираме начин со кој ќе предложиме зголемување на застапеноста на жените во Собранието 50% / 50%, да предложиме измени на Законот за Влада во насока на вградување квоти за повеќе жени во извршната власт и да покренеме иницијатива за зголемување на бројот на жени градоначалнички во локалната власт.

Жените во политиката не смеат да се само бројка!
Потребни се подготвени, способни, вредни жени кои знам дека ги има многу, но треба само да ги мотивираме, да ги охрабриме, да им подадеме рака, да им дадеме можност да станат видливи и препознаени во своите средини и пошироко.

Потребно е зајакнување на жените за нивно вклучување во процесите на носењето одлуки и креирањето политики.

## Благица Ласовска, заменик-претседателка на Клубот на пратенички



Низ годините соработката со граѓанските организации и меѓународните организации во земјава се продлабочи и на тој начин Клубот на пратенички стана партнер и отворена порта во Собранието за решавање клучни прашања за унапредување на родовата еднаквост во земјата. Активностите главно се насочени кон зголемување на родовите квоти, со цел еднакво учество на жените и на мажите на листите на локалните избори, постигнување балансирано учество на жените и мажите во политичкиот живот, односно во процесите на одлучување, како и идентификување на потенцијалните начини за зголемување на видливоста на жените на листите.

Клубот секогаш беше гласноговорник за субвенционирање на жените претприемачки, за подобрување на условите за живот на жените во руралните средини, за сензибилизирање на институциите за третманот и правата на самохраните родители, заштитник на работничките во случај на бременост и дискриминација при вработување, поттикнувач на афирмативни мерки за унапредување на родовата еднаквост на пазарот на трудот. Притоа, од особено значење е усвојувањето на Истанбулската конвенција и изнаоѓањето поефикасен механизам за решавање на домашното и родово базираното насилство. Секако, во сите овие активности значајна е меѓуинституционалната соработка, како и соработката со локалните комисии за еднакви можности на жените и мажите.

Клубот на пратенички во многу случаи бараше да се осудат и санкционираат сите облици на говор на омраза присутен во аудиовизуелните, печатените и електронските медиуми, а насочен кон жените. Во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во земјава, во сила е вториот План на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Македонија 2022-2024, кој што се фокусира на мерки за зголемување на застапеноста на жените во Собранието, институционализирање на мерките за родово сензитивно законодавство и надзор, продолжување на професионалниот развој на пратениците, пратеничките и собраниската Служба, како и вклучување на родот во процедурите и политиките на Собранието.

На крајот, би сакала да истакнам дека ова се само дел од постигнувањата на Клубот на пратенички, кој во иднина ќе се залага за тоа жените да имаат соодветно место на дневниот ред на Собранието, а промоцијата на родовата еднаквост да се подигне на ниво на приоритети, како што, всушност, предлага Европската комисија.

## Гордана Силјановска-Давкова,
## претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите



**20 години Клуб на жени пратенички**

Не постои ниту еден аргумент дека жената не е политичко суштество (zoon politicon) како колку и мажот. Напротив, сите аргументи откриваат дека за македонскиот општествен прогрес е нужен далеку поголем политички ангажман на жените, заради искористување на огромниот запоставен, неисцрпен потенцијал на енергија, умешност, знаење, убавина, вештина, љубов во процесот на одлучување во рамките на партиите, локалните и државните институции, внатрешната и надворешната политика, демократизацијата, европеизацијата.

Она што мене ме загрижува е што дваесет години потоа, сè уште повикувам(е) на неопходноста од повеќе жени во политиката. Во Собрание со 51 пратеничка, Влада со четири министерки и две заменик-министерки, сè уште чекаме да видиме жена-претседателка, жена- премиерка, жена-претседателка на Собранието, жена - народна правобранителка. Не сакам да помислам дека ја чекаме г-ѓа Годо! Политиката не случајно е именка од женски род и природно е да ја врзуваме и за жените, а не само за мажите! Политичката градина е далеку поубава кога има шаренило од цветови! Ако политиката е дијалог, Робинсон Крусо има потреба од Петкана!

# Цветанка Иванова - генерална секретарка на Собранието на Република Северна Македонија



Годинава одбележуваме 80 години од формирањето на Антифашистичкиот фронт на жени во Македонија и 21 година од формирањето на Клубот на пратенички.

Овие два значајни настани, секој во свое време го определил местото на жената во македонското општество и ги одредил приоритетите на идното дејствување на жените.

По овие два големи настани, треба да си го поставиме прашањето: дали успеавме?

Одговорот е да, во многу нешта.

Успеавме жената да биде видлива, да биде во позиција и на место каде се креираат политики, да отвори бројни теми и да решава проблеми од интерес и значење на жената во сите сфери на општественото живеење.

- Но, дали е доволно?

Одговорот е нè!

Мораме да поминеме уште многу препреки до целосна вклученост и еднаквост.

Време е да се спротиставиме на ретроградните ветришта кои се појавуваат во Европа и во регионот.

Така ќе бидеме со исправени глави пред нашите деца и внуци дека не сме чекале подобри времиња, туку нашето време сме го искористиле на најдобар можен начин.

## Роберт Скот Хејзлет, виш резидентен директор, НДИ



Жените, кои сочинуваат половина од популацијата, сè уште се соочуваат со пречки кога станува збор за правична застапеност.

Во НДИ се залагаме за еднакви можности додека целиме кон елиминирање на бариерите, како на пример, насилството врз жените во политиката, кои што во значајна мера претставуваат пречка за целосно учество.

Засилувањето на гласовите на жените и машките сојузници во процесот на креирање политики е од круцијално значење. Зајакнувањето на парламентарките во Северна Македонија не е само заради застапеност; тоа подразбира и застапување политики кои кои што ги унапредуваат правата на жените и девојките.

# Вовед







Клубот на пратенички е неформална група во Собранието на Република Северна Македонија, составена од сите пратенички, независно на која пратеничка група припаѓаат.

Клубот на пратенички е формиран на иницијатива на Македонското женско лоби во 2003 година со поддршка на Работната група за родови пршања (Gender Task Force-GTF) при Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Националниот совет за родова рамноправност беше вклучен од почетокот со техничка и материјална поддршка за Клубот на пратенички. Од формирањето па до денес, Клубот дејствува како неформално консултативно тело за унапредување на правата и положбата на жената, во согласност со принципите на ОН, ЕУ, Советот на Европа, ОБСЕ и националните стандарди и политики во согласност со Правилникот за организација и делокругот на работа на Клубот на пратенички, во составот на истиот влегуваат пратеничките со актуелен мандат.

Учеството на жените во парламентот варираше со текот на годините, а неговото зголемување беше политички приоритет во последните години. Историски гледано, на самиот почеток на парламентаризмот во нашата земја процентот на парламентарки бил помал од 5%, односно незначителен во споредба со другите европски земји. Декларацијата која овозможува зголемено учество на жените во политиката, донесена во 1998 година, ја тргна земјава од дното на Листата за застапеноста на жените во политиката низ државите во Европа.

Во 2002 година како резултат на јасниот сигнал на растечкото политичко влијание на жените беа усвоени посебни мерки, најнапред со воведувањето квота од 30%. Првично, овие одредби предвидуваа 30% од кандидатите за пратеници да бидат од помалку застапениот пол, но поради тоа што партиите ги ставаа жените на дното на нивните листи, оваа квота не можеше да се постигне.

Ова повлече дополнителни интервенции во 2006 година од страна на Клубот на пратенички со амандмани за измена и дополнување на Изборниот законик, со цел да се обезбеди најмалку едно од секои три места на списоците да биде резервирано за помалку застапениот пол.

Понатаму, практиката покажа дека жените се повлекуваат по изборот на функцијата, така што беа потребни дополнителни амандмани за да се спречат овие практики кои резултираа со нивна замена од страна на мажи веднаш по изборите. Со амандман од 2014 година, а сега со закон е регулирано дека во случај пратеничка да се повлече од функцијата, нејзината замена мора да биде следната жена на партиската листа.

Во 2015 година со донесувањето на пакетот закони од Договорот од Пржино се направени и последните промени на Изборниот законик во однос на родовиот баланс на кандидатските листи за пратеници. Со овие законски измени процентот на застапеност на помалку застапениот пол, ќе се зголеми на 40 проценти, така што покрај секое трето место на листата загарантирано за жените, во првите десет ќе мора да има уште едно, а во вторите десет дополнително уште едно. Во мандатот 2017-2020, 48 од вкупно 120 пратеници беа жени т.е. 40% од вкупниот пратенички состав.

Во сегашниот мандат, во овој момент има 51 пратеничка, што претставува 42,5% од вкупниот состав. Ова претставува најголем процент на застапеност на жените во историјата на македонскиот парламентаризам (кој на самиот почеток содржеше само пет жени) а воедно и на Клубот на пратенички.




Важно е жените политичарки да ги рефлектираат своите вредности и заложби во политичките партии и во општеството, да покажат дека процесот на вклучување поголем број жени во политиката е инклузивен и подразбира партнерство со мажите, како и дека мажите и жените заеднички треба да градат успешно општество, со целосно еднаква вклученост на сите чинители во него. Затоа на идните генерации на парламентарки останува во аманет заложбата за постигнување на неопходната дополнителна законска измена, која би обезбедила минимум паритет, односно 50%-50%.

## Историски преглед на учеството на жените во Собранието на Република Северна Македонија

## Поважни достигнувања на Клубот на пратенички 2003-2020

- Со измените во Изборниот законик усвоена е законска одредба за обезбедување најмалку едно место на секои три на кандидатските изборни листи да припаѓа на помалку застапениот пол (со тоа во 2006 година избрани се 37 пратенички во Собранието на Република Македонија -30,8%);
- Со поддршка на Клубот на пратенички подготвен е и донесен Закон за еднакви можности на жените и мажите;
- Со измените во Законот за здравствено осигурување поднесени од Клубот на пратенички обезбедени се бесплатни превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката и рак на дојката за сите жени во Република Македонија;
- На иницијатива на Клубот на пратенички направена е измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кој се продолжи рокот за пензионирање по основ на стаж за уште две години;
- Со поддршка на Клубот на пратенички во Законот за семејство вградена е посебна глава за заштита на жртви на семејно насилство;
- Со измените во Законот за игри на среќа и забавни игри поднесени од Клубот на пратенички се формира посебен фонд за борба против семејно насилство;
- Со измените на Буџетот на Република Македонија за 2008 година поднесени од Клубот на пратенички се зголеми ставката за прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство - шелтер-центри;
- Со измена на Законот за работни односи се гарантира работното место на работникот по враќањето од родителското отсуство;
- Со измени на Буџетот на Република Македонија за 2012 година беа одвоени средства за работа на Државниот совет за малолетничка правда, како и за зголемување на стручниот кадар во градинките, училиштата, дневните центри за деца со посебни потреби;
- На иницијатива на Клубот на пратенички се обезбедија средства во Буџетот на Република Македонија за 2014 година, наменети за имплементирање на Стратегијата за родова еднаквост усвоена од Собранието на Република Македонија.

- Силен фактор за помирување по собраниската криза (2017)
- Клубот работеше на изготвувањето на Предлог – Декларација  за вклучување на повеќе жени градоначалнички во РСМ
- Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулската конвенција) (2017)
- Отворена Соба на Клубот на пратенички по примерот на Шведскиот парламент за чување и промоција на придонесот на жените пратенички и носители на функции во Собранието и работните тела во Собранието. (2018)
- Измена на  Кривичниот законик со промената на член 197 за зголемување на долната граница за стапување во брак од 16 на 18 години. (2018)
- Усвоен Стратешки план на Клубот на пратенички за 2018-2020 (2018)
- Донесени  се два закони од пакетот  закони од социјалната сфера: Закон за социјална заштита; Закон за детска заштита и Закон за обезбедување на стари лица без имот во однос на кои Клубот на пратенички одржа  работна средба. (2018)
- Придонес во проценка на родовата сензитивност на Собрание на Република Северна Македонија врз основа на методологијата на Европскиот Институт за Родова Рамноправност (EIGE). (2019)
- Законот за спречување и заштита од дискриминација (2019);(Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник број: 101/2019 20)
- Законот за прекинување на бременоста (2019). ( Закон за прекинување на бременоста, Службен весник број:101/2019)
- Усвоена Комуникациска стратегија на Клубот на пратенички (2019)
- Два успешно поднесени амандмани на Законот за основно образование (2019) кои се однесуваат  на додавање нов став 6 во членот 96, а на членот 169 став (1) по алинеата осум се додава нова алинеја девет.
- Усвоен Предлог-планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020 – 2021.
- Усвоен Предлог-планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022 – 2024.
- Усвоен Законот за спречување од насилство врз жените и семејно насилсто, 2021.

# Поранешни координаторки на Клубот на пратенички



**Елеонора Петрова Митевска,**
**прва координаторка на Клубот на пратенички**

Почетоците на независноста на земјата донесоа постсоцијалистички стереотип со мала застапеност на жените во политичкиот живот. Требаше да помине повеќе од една деценија самостојност, за да започне институционалната борба за родова еднаквост, видливост и вклучување на жените во одлучувачките структури. Клубот на пратенички од своите почетоци креираше нов европски пристап кон родовата рамноправност, како и кон состојбата на жените во политиката и општеството.

Но, медалот има две страни. Сè уште постои насилство врз жените, фемицид, па дури и недостапност на жените до елементарните човекови права. Сепак, чувството е дека се менуваат правилата на играта. Каде бевме и каде сме сега многу кажува за постигнатото, но уште повеќе за тоа што треба да се направи во иднина.



**Благородна Мингова-Крепиева,**
**поранешна координаторка на Клубот на пратенички**

Магнетно насочени кон демократизација на нашата земја, каде родовата еднаквост нема да биде само цел туку наше секојдневие, ние 22-те пратенички од парламентарниот состав 2002-2006 преку Клубот се заложивме за поголема видливост и препознавање на родово чувствителните прашања во законските решенија кои се носеа во тој период. Бројни измени во Изборниот Закон, Законот за еднакви можности, Законите за работни односи, здравство и здравствено осигурување, пензија и многу други решенија, беа резултат на заедничкото работење на сите жени пратенички без разлика на партиската припадност и различности. Целта ни беше иста, а резултатите видливи, не само дома туку и пошироко, заради што Клубот често беше посочуван како еден од поуспешните форми на организирање на жените пратенички во Европа и пошироко.



**Цветанка Иванова,**
**поранешна координаторка на Клубот на пратенички**

Вечниот стремеж е остварен.
Во Собранието жените се присутни, активни, креираат политики, и најважно од сè, донесуваат одлуки со кои го реформираат општеството според потребите на жените. Тие умеат да ги надминат разликите кога се во прашање потребите на жените, но и не ретко кога општеството е ранливо. Ако според историчарката Џудит Бенет:
„Историјата, кога станува збор за жените, потсетува на танц во кој се менуваат чекорите и ритмите, партнерите и групите, но секогаш мажите се тие кои го водат", сега слободно можеме да кажеме дека во тој танц жената има активна улога.



## Катерина Димеска,
## поранешна координаторка на Клубот на пратенички

Личностите и функциите се менлива категорија во општеството, остануваат само нашите дела. Клубот на пратенички во изминатите години покажа и докажа дека жените без политички предрасуди можат да носат клучни одлуки. Очекувам и во иднина заедничко дејствување за битни прашања за жените, да се поддржи прашањето за политички мобинг и други битни прашања.



## Славица Грковска,
## поранешна координаторка на Клубот на пратенички

Покажавме дека имаме визија, но и покажавме дека знаеме како таа визија да ја направиме реалност. Клубот на пратенички, со своето дејствување остави неизбришлива трага во македонската парламентарна и политичка историја, но и во општеството во целина.

Жените се носители на големи промени, нивната храброст, истрајност, пожуртвуваност, но и целосна посветеност е гаранција за успех и за резултати.

Низ овие 20 години жените, овде во Собранието, беа движечка сила за многу промени и реформи во општествената, здравствената, образовната, социјалната сфера. Клубот на пратеничките е одличен пример како припадници на различни политички партии, со различни идеологии можат да функционираат и да се обединат за прашања коишто се од заеднички интерес, особено кога станува збор за националните интереси на државата.

Верувам дека во наредниот период, заеднички можеме да постигнеме уште повеќе. Заеднички да ги афирмираме добрите принципи и стандарди на сите полиња, заеднички да влијаеме на целокупна промена на свеста во општеството. Затоа што од сите нас зависи во какво општество ќе живееме.



## Тања Томиќ,
## поранешна координаторка на Клубот на пратенички

Клубот на пратенички има многу значајна улога во приближувањето на целото општество кон родова еднаквост, како единствена функционална платформа за соработка на жените од различни политички партии. Постигнувањето на целосна родова еднаквост во општеството бара време, но токму затоа улогата на Клубот на пратенички е значајна. Со чекорите преземени преку Клубот (колку и да се некогаш мали) можеби ќе ни требаат многу години за вистинска родова еднаквост, но без него и неговите чекори ќе ни треба вечност. Оттука верувам дека како и досега, така и понатаму идните пратенички ќе ги вложуваат сите напори Клубот да продолжи да функционира и да ја унапредува положбата на жените кај нас.



**Лилјана Кузмановска,**
**поранешна координаторка на Клубот на пратенички**

Пратеничките покажаа во политиката, преку работата на Клубот, дека заеднички може да се донесат и изменат Закони кои ја подобруваат состојбата на жената во општеството. Законските решенија донесени едногласно се доволен показател за силниот мотив и желбата да се подобри улогата на жената во сите сегменти. Донесените закони за заштита од семејно насилство, за заштита на здравјето на жените, за женско претприемништво и многу други се мотив за понатамошна силна и посветена работа.



**Соња Мираковска,**
**поранешна координаторка на Клубот на пратенички**

Тука сме за да донесеме друга перспектива во политиката. Темите што ги отвараме се теми за иднината, затоа што на жените им е својствено да ги создаваат темелите за подобра иднина. Жените можат да ги донесат промените за себе, но пред сè за своите деца, за подобро и похумано општество. Во име на тоа жените се подготвени да преземат одговорност.



**Ѓулумсер Касапи,**
**поранешна претседателка на Клубот на пратенички**

ЖЕНАТА, ова ,,свето" суштество, заслужува да биде рамноправна со мажот, во сите сфери на животот. Токму затоа постои и Клубот на пратенички на Собранието на РСМ. Клубот на пратенички, во нашиот мандат, покрај редовни обврски, интензивно контактираше со многу значајни организации и високи претставници од земјата и од меѓународниот свет. Постигнавме да сензибилизираме многу прашања, особено од областа на дискриминацијата, насилството, заедништвото на сите етнички припадности и др. Во Собраниската архива го оставивме спремен Законот за учество на 50 проценти жени во сите институции на локално и на централно ниво, се разбира пред сè, во кандидатските листи за време на изборите.

## Претседателство на Клуб на пратенички (2008-2011)



**Катерина Димеска,**
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Славица Грковска**
**СДСМ**



**Зумрете Јакупи,**
**ДУИ**



**Флора Кадриу,**
**Нова Демократија**

## Претседателство на Клуб на пратенички (2011-2014)



**Тања Томиќ,**
координаторка,
**СДСМ**



**Лилјана Кузмановска,**
координаторка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Соња Мираковска,**
членка,
**НСДП**



**Дешира Имери,**
членка,
**ДУИ**

## Претседателство на Клуб на пратенички (2011-2014)



**Мерал Узеири-Ферати,**
членка,
**ДПА**



**Ленче Николовска,**
членка,
**независна**



**Лилјана Поповска,**
членка (2008-2011),
**ДОМ**



**Катерина Димеска,**
координаторка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Славица Грковска,**
членка,
**СДСМ**



**Зумрете Јакупи,**
членка,
**ДУИ**



**Флора Кадриу,**
членка,
**Нова Демократија**

## Претседателство на Клуб на пратенички (2017-2020)



**Ѓулумсер Касапи,**
претседателка,
**СДСМ**



**Слаѓана Митовска,**
заменик-претседателка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Лилјана Кузмановска,**
членка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Емилија Александрова,**
членка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Ирена Стефоска,**
членка
**независна**



**Лилјана Поповска,**
членка,
**ДОМ**



**Соња Мираковска,**
членка,
**НСДП**



**Шпеса Хадри,**
членка,
**ДУИ**

## Претседателство на Клуб на пратенички (2017-2020)



**Теута Биљали,**
членка,
**БЕСА**



**Татјана Прентовиќ,**
членка,
**СДСМ**



**Даниела Рангелова,**
членка,
претседателка на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Никица Корубин,**
членка,
**ЛДП**



**Мери Лазарова,**
членка,
**СДСМ**

## Состав на Клубот на пратенички од 2020-2024



**Лолита Ристова,**
претседателка,
**СДСМ**



**Благица Ласовска,**
заменик-претседателка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Снежана Калеска-Ванчева,**
членка,
**СДСМ**



**Маја Морачанин,**
членка,
**ДОМ**



**Соња Мираковска,**
членка
**НСДП**



**Љатифе Шиковска,**
членка,
**СДСМ**



**Рина Ајдари,**
членка,
**ДУИ**



**Жаклина Пешевска,**
членка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Олга Лозановска,**
членка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Лидија Петкоска,**
членка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Иванка Василевска,**
членка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Ангелинка Петкова,**
членка,
**ВМРО-ДПМНЕ**



**Илире Даути,**
членка
**Алијанса за Албанците**



**Гордана Силјановска - Давкова,**
членка,
**независна**

# 20 ГОДИШНИНА НА КЛУБОТ НА ПРАТЕНИЧКИ И ПРВА ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА ПОСВЕТЕНА НА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

По повод Меѓународниот ден на жената – 8 Март и по повод 20 – годишнината од формирањето на Клубот на пратенички, Собранието на Република Северна Македонија во 2023 ја одржа првата пленарна седница посветена исклучиво на унапредување на родовата еднаковст.



Седницата ја отвори претседателот на Собранието, **Талат Џафери**, кој, честитајќи го празникот, посочи дека во законодавниот дом се усвоени исклучително значајни законски измени во насока на изедначување, подобрување, заштита, унапредување и вреднување на статусот и придонесот на жената како рамноправен член во општествената заедница.

Обраќајќи се пред присутните на седницата, министерката за труд и социјална политика, **Јованка Тренчевска**, рече дека се евидентни промените во подобрувањето на положбата на жената и во унапредувањето на родовата еднаквост. Во изминатиот период, истакна, донесени се повеќе закони кои се однесуваат на заштита на човековите права и слободи и овозможување еднакви можности на жените и мажите.

Во дискусијата учествуваа повеќе пратенички од сите парламентарни групи.

Актуелната координаторка на Клубот на пратенички, **Лолита Ристова**, најави дека вакви седници посветени на унапредување на родовата еднаквост ќе станат традиција во Собранието на Република Северна Македонија.

Пратеничката **Гордана Силјановска-Давкова** рече дека се потребни промени за да се овозможи поголема застапеност на жените и во извршната и во локалната власт.





Според **Рина Ајдари**, потребна е елиминација на сите форми на дискриминација и родова нееднаквост во општеството.
Пратеничката **Снежана Калеска-Ванчева** нагласи дека во последните години е постигнато многу во насока на унапредување на родовата еднаквост и дека речиси целосно е заокружена законската рамка, што сè уште не е случај во многу поразвиени европски држави.
**Благица Ласовска** истакна дека правата на жените се основно човеково право и затоа е потребно сензибилизирање на сите институции во насока на унапредување на ова право.



Според пратеничката **Маја Морачанин**, треба да се дејствува и за поголема економска независност на жените.
**Илире Даути** рече дека, иако се донесени многу закони и стратегии, особено против насилство врз жените и семејното насилство, сето тоа не е доволно, поточно не е доволен начинот на нивно спроведување.



Пратеничката **Жаклина Пешевска** истакна дека добрите закони и заложби не треба да останат само на хартија, туку доследно да се имплементираат.
**Моника Зајкова** истакна дека родовата еднаквост не е само морален императив, туку и економска и социјална неопходност.

Во рамки на 107-та седница, а по предлог на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените, пратениците усвоија повеќе заклучоци во насока на понатамошно унапредување на женските права:

1. Измена и дополнување на Изборниот законик во правец на постигнување целосна родова еднаквост на листите за пратеници и советници;
2. Измена и дополнување на Законот за Влада преку воведување најмалку 40 проценти од помалку застапениот пол во извршната власт;
3. Измена и дополнување на Изборниот законик и воведување на квота од 30 проценти од помалку застапениот пол за избор на градоначалници;
4. Усвојување на Законот за родова еднаквост и формирање секретаријат до крајот на 2023 година;
5. Донесување родово сензитивен Деловник за работа на Собранието до крајот на 2023 година;
6. Законско регулирање на интернет просторот за спречување на говорот на омраза.
7. Следење на имплементацијата на законските решенија поврзани со родовите прашања во согласност со Планот за родово сензитивно Собрание 2022-2024 година.

Седницата ја следеа претставнички на домашни и меѓународни невладини организации кои тесно соработуваат со Клубот на пратенички, но и поранешни пратенички во последните две децении, поранешни министерки и заменик-министерки, како и 8 поранешни носителки на други функции, избрани во парламентот.

По завршувањето на седницата, на пригодна свеченост во Собранието им беа врачени благодарници на сите досегашни координаторки на Клубот на пратенички, како и на претставнички на невладини организации.


Лидија Петкоска, ВМРО-ДПМНЕ


Лидија Тасевска, СДСМ


Лолита Ристова, СДСМ


Љатифе Шиковска, СДСМ


Љубица Спасова, СДСМ


Маја Морачанин, ДОМ


Марија Ангелова, СДСМ


Марија Георгиевска, СДСМ


Марија Костадинова, СДСМ


Марија Кочовска, СДСМ


Марија Петрушевска, ВМРО-ДПМНЕ


Мерита Колчи Коџаџику, ДУИ


Моника Зајкова, ЛДП


Олга Лозановска, ВМРО-ДПМНЕ


Рашела Мизрахи, ВМРО-ДПМНЕ


Рина Ајдари, ДУИ


Санела Шкријељ, независна


Сафије Садики-Шаини, Алтернатива


Силвана Ангелевска, ВМРО-ДПМНЕ


Снежана Калеска-Ванчева, СДСМ


Соња Мираковска, НСДП


Соња Михаиловска, СДСМ


Фаница Николоска, СДСМ


Феснике Бектеши Шакири, ДУИ

## Законски решенија во периодот 2020-2024 година( Клуб на пратенички и КЕМ)

1. Закон за спречување и заштита од дискриминација (*); донесен на 19 седница на Собранието, одржана на 27 октомври 2020 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 258/20
2. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство; донесен на 32 седница на Собранието, одржана на 27 јануари 2021 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/21;
3. Стратегија за родова еднаквост 2022-2027; донесена на 50 седница на Собранието, одржана на 27 јули 2022 година и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 170/22;
4. На 8 март 2023 година одржана е 107 седница на Собранието како прва пленарна седница посветена на унапредување на родовата еднаквост согласно Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на собранието на Република Северна Македонија 2022-2024 година.
5. Закон за буџети донесен на 84-та седница на Собранието, одржана на 15 септември 2022 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 203/22; во кој со амандаманска интервенција на текстот допрецизирано и дополнето со одредби за родово одговорно буџетирање.
6. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*),со кој меѓу другото се изврши усогласување со стандардите на Истанбулската конвенција, донесен на 99 седница на Собранието, одржана на 13 февруари 2023 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 36/23;
   - Измени во Кривичниот законик во однос на половиот напад и силувањето.
   - Измена на Кривичниот законик со цел дефинирање на психичко насилство.
   - Инкриминирање на демнењето како ново кривично дело со одредби преку кои ќе бидат предвидени и санкции за сторителите, а истовремено ќе се обезбеди заштита за жртвите.
   - Инкриминирање на сексуалното вознемирување како кривично дело во Кривичниот законик и дефинирање соодветни санкции за сторителите.

   Клубот на пратенички во соработка со ,,Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство" интервенираше со аманадмани во ова законско решение.
7. Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (*); донесен на 120 седница на Собранието, одржана на 19 септември 2023 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 199/23; - во кој пратеничките учествуваа во подготовката со интервенција односно дополнување на членот 30 став (1) со нова точка 9-а, што се воведува повластената даночна стапка од 5% да се применува врз прометот и увозот на „Менструални производи“ ,односно се намалува данокот на додадена вредност од 18% на 5% на производите на менструална хигиена;
8. ,,Кон измени на Деловникот и Законот за Собрание ,,Клубот на пратенички ги работеше заедно со ОБСЕ и ОДИХР кои имплицираат унапредување на родовите аспекти во работата на Законодавниот дом , инкорпорирани во новиот Деловник . Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија со дел од предлозите на пратеничките во правец на родово сензитивно Собрание донесен е на 131 седница на Собранието одржана на ден 20 ноември 2023 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 248/23 на 24 ноември 2023 година.
9. На 8 март 2024 пленарна седница посветена на унапредување на родовата еднаквост, Клуб на пратенички 2020-2024 година

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ - КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ (2020-2024)



**Усвоен планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието 2022 - 2024**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во соработка со Клубот на пратенички и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше јавна расправа на тема: „Предлог-план на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022 - 2024”.



**Клубот на пратенички присуствуваше на презентација на работната верзија на Законот за социјални претпријатија**

На 25 ноември 2022 година Клубот на пратенички присуствуваше на презентацијата на Законот за социјални претпријатија - ЕУ Проект „Поддршка на социјалните претпријатија". Законот е во работна верзија. Здружението „ЕПТИСА“ во тесна координација со МТСП го подготвува ова законско решение. Со ова решение се создава можност социјалните претпријатија да заживеат како форма и во нашата држава.



**Одржана првата пленарна седница посветена на унапредување на родовата еднаквост - 8 Март 2023 година**

По повод Меѓународниот ден на жената – 8 Март и по повод 20 – годишнината од формирањето на Клубот на пратенички, Собранието на Репулика Северна Македонија ја одржа првата пленарна седница посветена исклучиво на унапредување на родовата еднаквост. Ова е важно постигнување на Клубот на пратенички и е дел од Планот за родовата сензитивност на Собранието за 2022-2024 година. Одржувањето на вакви седници ќе стане практика во Законодавниот дом.

# ПОВАЖНИ НАСТАНИ - КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ (2020-2024)

**Клубот на пратенички во теренска посета на Општина Долнени**

Клубот на пратенички оствари теренска посета на Општина Долнени, каде пратеничките учествуваа на настан кој го организираше НДИ и ЛАГ Агро Лидер, на тема: „Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените“. Пратеничките и претходно беа дел од активностите на ЛАГ Агро Лидер, кои покренаа иницијатива за внесување „Политички мобинг - дел од Законот за заштита од вознемирување на работното место” во рамките на Проектот Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените, имплементиран од НДИ, а финансиски поддржан од Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка - СИДА.







**Работна средба на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со општински комисии**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија одржа работна средба со општински комисии, за еднакви можности на мажите и жените. Средбата беше одржана во соработка со НДИ, а во Собранието присуствуваа претставници од голем број општини.

Донесените заклучоци на средбата беа во насока на зајакнување на соработката меѓу собраниската комисија и локалните комисии преку одржување квартални работни средби, донесување меморандум за соработка меѓу локалните комисии и со собраниската комисија за еднакви можности на жените и мажите, продлабочување на соработката со релвантните невладини организации и други активности во насока на унапредување на работата на комисиите и на општините.

**Регионална конференција за унапредување на родовата еднаквост: „Северна Македонија е значително над просекот според застапеноста на жени во парламентот“**

Во организација на Клубот на пратенички, а со поддршка на  Мисијата на ОБСЕ и Собранието, од 22 до 23 јуни 2023 година беше организирана  Регионалната конференција „Унапредување на родовата еднаквост во парламентите“. Застапеноста на жените во парламентите во регионот, како и во вкупните политички процеси, нивната улога во унапредување на човековите права, донесувањето и ефективната имплементација на законите за родова еднаквост и потребата од вклучување на машките пратеници во промоција на еднаквоста, беа темите на кои се дебатираше на Конференцијата.





## ПОВАЖНИ НАСТАНИ - КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ (2020-2024)

**Одржана тридневна работилница за спроведување на Планот за родово сензитивно Собрание за периодот 2022-2024 година**

Членките на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваа на тридневна работилница на тема: „Оценка на спроведувањето на Планот за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022-2024", која се одржа од 15 до 17 ноември 2023 година, во Струга.

Од заклучоците на работилницата произлегоа следните чекори кои жените пратенички ќе треба да ги иницираат во Собранието.

Работилницата беше во организација и целосна поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а во правец на интегрирањето на родовата перспектива во работата на Собранието.









**„Парламентаризмот и Резолуцијата 1325 - перспективи на Западен Балкан“**

Пратеничките Лолита Ристова, претседателка на Клубот на пратенички во Собранието на Република Северна Македонија и Даниела Колева учествуваа на Регионална конференција во Приштина на тема: „Парламентаризмот и Резолуцијата 1325 - перспективи на Западен Балкан“. Конференцијата се одржа на 23 и 24 февруари 2024 година, во организација на женското неформално тело на парламентот на Република Косово, со поддршка на НДИ и УСАИД, Швајцарската агенција за развој и соработка и Канадската амбасада во Косово и во Хрватска. Целта на регионалната конференција беше да се стави во преден план важната улога што може да ја имаат парламентите во спроведувањето, следењето и промовирањето на агендата „Жени, мир, безбедност". На конференцијата беа споделени најдобрите практики, анализа на предизвиците и на можностите за соработка меѓу засегнатите страни на регионално и на национално ниво.

# РОДОВО СЕНЗИТИВНО СОБРАНИЕ (2020-2024)



Собрание на Република Северна Македонија

**РОДОВО СЕНЗИТИВНО СОБРАНИЕ (2020-2024)**

Парламентарен институт

**51**
пратенички од вкупно
120 пратеници (42,5%)

**1**
комисија со еднаква
застапеност (50%) на
жени и мажи од вкупно
21 комисија

**8**
комисии со помала
застапеност на жени
под 27%

**10**
комисии со помала
застапеност на мажи
под 50%

**2**
тела кои се занимаат со
прашања од родов
аспект

**162**
жени вработени
во службата

**1**
комисија без
членови мажи

**5**
јавни расправи
за родови аспекти на политики

**1**
Генерална секретарка
( жена е трет пат на чело на
Службата)

**90**
мажи вработени
во Службата

**57**
граѓански и меѓународни
организации со кои
се соработува за прашања од родов
аспект

**0**
надзорни расправи
за родови аспекти на политики

Фани Коровешовска

февруари 2023 година

# РОДОВО СЕНЗИТИВНО СОБРАНИЕ (2020-2024)





Собрание на Република Северна Македонија

## РОДОВО СЕНЗИТИВНО СОБРАНИЕ (2020-2024)

Парламентарен институт

**51**

пратенички од вкупно 120 пратеници (42,5%)

**1**

делегација без ниту една пратеничка во составот:
Делегација во ПС на Медитеранот.

**1**

генерална секретарка
( жена е трет пат на чело на службата)

**2**

комисии со истовремено претседателки и заменик-претседателки од вкупно 21 комисија:
Комисија за образование, наука и спорт;
Комисија за еднакви можности на жените и мажите.

**6**

комисии со претседателки од вкупно 21 комисија:
законодавно-правна;
за политички систем и односи меѓу заедниците;
за образование, наука и спорт;
за локална самоуорава;
за прашања на изборите и именувањата;
за еднакви можности на жените и мажите.

**1**

комисија со балансирана застапеност на членови жени и мажи од вкупно 21 комисија:
Комисија за финансирање и буџет.

**6**

комисии со заменик-претседателки од вкупно 21 комисија:
Комисија за европски прашања;
Комисијата за економски прашања;
Комисија за финансирање и буџет;
Комисија за труд и социјална политика
Комисија за образование, наука и спорт;
Комисија за еднакви можности на жените и мажите.

**2**

делегации со балансирана застапеност во составот, од вкупно 11 делегации:
Делегација во ПС на Франкофонијата;
Делегација во ИПС на Православието.

**2**

тела кои се занимаат со прашања од родов аспект:
Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
Клуб на пратенички.

**1**

комисија само со пратенички, без ниту еден пратеник во составот:
Комисија за еднакви можности на жените и мажите.

**1**

делегација со поголем број жени во составот:
Делегација ПАБСЕК.

**15**

пратенички групи за соработка со претседателки од вкупно 51 пратенички групи за соработка

Фани Коровешовска

февруари 2023 година

# РОДОВО СЕНЗИТИВНО СОБРАНИЕ (2020-2024)





**Лолита Ристова** - ***претседателка на Клуб на пратенички***

**Нема поголема борба од борбата за родовата еднаквост!**

Покрај сите бури и препреки над 20 години натпартиската соработка како модел за соработка по кој е препознаен Клубот на пратенички, придонесе да придвижиме одредени родови перспективи како во донесувањето на повеќе закони, но уште повеќе кон тоа да тежнееме и да бидеме упорни кон промените кои треба да следат.

**Жените во политиката не смеат да се само број!**



**Благица Ласовска** - ***заменик - претседателка на Клубот на пратенички***

Во општеството сме 50/50. Зошто да не сме и во политиката, секаде каде што се одлучува. Ова е еден од моите принципи, кои ме водат во политичкиот живот.

Тежок е, но не и невозможен. Заедно, обединети можеме да го оствариме.

Нема демократија без жени.



**Гордана Силјановска - Давкова,** ***претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Сè уште чекаме да видиме жена - претседателка, жена - премиерка, жена - претседателка на Собранието, жена - Народна правобранителка. Не сакам да помислам дека ја чекаме г-ѓа Годо! Политиката не случајно е именка од женски род и природно е да ја врзуваме и за жените, а не само за мажите! Политичката градина е далеку поубава кога има шаренило од цветови! Ако политиката е дијалог, Робинсон Крусо има потреба од Петкана!



**Лидија Петкоска,** ***членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Кој, ако не ние!?

Кога, ако не сега!?

Во Клубот на пратенички сме единствени во едно: имаме знаења - имаме квалитет!

Ние сме промената која сакаме да ја видиме во државата!



**Снежана Калеска-Ванчева** - ***членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Докажавме дека без разлика на која партија припаѓаме, ние жените пратенички и политичарки, можеме да изградиме консензус за политики и мерки со кои изврши и врши влијание врз развојот на општеството преку намалување на нееднаквоста помеѓу жените и мажите во сите сфери на општественото живеење.



**Љатифа Шиковска** - ***членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Секоја жена без разлика на нејзиниот статус заслужува еднакви можности и шанси за вклученост во општествениот, јавниот и политичкиот живот. Клубот на пратенички е тука за да придонесе кон обезбедувањето на тие можности и шанси.



**Иванка Василевска** - ***членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Во сознанието да бидеш независна е содржана целата суштина на борбата за рамноправност на жените.



**Соња Мираковска** - ***членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Тука сме за да донесеме друга перспектива во политиката. Темите што ги отвораме се теми за иднината, затоа што на жените им е својствено да ги создаваат темелите за подобра иднина. Жените можат да ги донесат промените за себе, но пред сè за своите деца, за подобро и похумано општество. Во име на тоа жените се спремни да преземат одговорност.



**Жаклина Пешевска - *членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Поголема самопочит и солидарност помеѓу нас жените може да допринесат за поголем успех на жените во општеството!

Силата е во сплотеноста!



**Маја Морачанин - *членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Потребно е поголемо учество на жените во политиката!

Истражувањата покажуваат дека жените подобро ги застапуваат интересите на граѓаните и промовираат повисоки стандарди на живот, придонесуваат за намалување на корупцијата, градење компромиси и натпартиска соработка, развој на демократија и мир.



**Олга Лозаноска - *членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Со текот на годините, ние жените од Република Македонија успеавме да докажеме дека можеме да бидеме жени политичарки, успешни докторки, правнички, учителки, негователки, домаќинки и мајки.

Како силни жени ги надминавме стереотипите, ги урнавме препреките.

Секој наш неуспех бил чекор до успехот.



**Ангелина Петкова - *членка на претседателството на Клубот на пратенички***

Жените не се само бројка и квота!

Жените имаат моќ и знаење за правилен развој на општеството и државата.

Борбата за женските права е во Клубот на пратенички - место, каде се вреднува квалитетот на жените подеднакво.



### Јадранка Поцкова

Како членка на Клубот на пратенички во Собрание на Република Македонија ќе се залагам за подобрување на положбата - статусот на жената во семејството, професијата, политиката, културата.



### Драгица Ѓавочанова

Неколку жени во политиката ги менуваат жените, но многу жени во политиката, ја менуваат и самата политика.

Затоа препорачувам општеството да го искористи потенцијалот  на жените во својот севкупен развој, а инспиративни женски приказни да ги мотивираат моите пријателки, познанички и останати жени да „загризаат" цврсто на полето на политиката и без утврдена квота!



### Љубица Спасова

Борбата на жената и нејзиниот пркос постои уште од почетокот на времето, од пркосот на Ева да не трпи забрани!

Во генетиката ни е вграден борбениот дух кој мораме да го негуваме и денес!

За мене е огромна чест што сум дел од Законодавниот дом во друштво на прекрасни жени.



### Бети Наумовска Рабаџиевска

Чест е да се биде член во Клубот на пратенички, во кој сите цврсто се залагаме околу единствената цел - да се заштитат правата, интересите и застапеноста на жените во сите сфери на општеството преку заедничка соработка и покрај партиските и сите други разлики. Верувам дека соодветната застапеност на жените во политиката резултира со поголем успех во организацијата на целата заедница.



**Лидија Тасевска**

Да останеме силни, мудри и упорни, заради нас самите и заради сите кои по нас доаѓаат. Наша обврска е да продолжиме на патот за воспоставување на вистинска родова еднаквост.

Ќе има уште многу предизвици, очекувани и неочекувани, сепак, ја имаме визијата пред нас и таа ни е водилка.



**Даниела Николова**

Да се даде шанса на жените значи да се верува во промени. Нема слободно и демократско општество без родова рамноправност.



**Жаклина Лазаревска**

Живееме во општество во кое сè уште владеат стереотипите, затоа се потребни силни, храбри, посветени, прогресивни и професионални жени кои секојдневно со посветена работа докажуваат дека жените неправедно се ставаат во втор план при донесување одлуки и управување со институциите во државата.

Како жена, мајка, просветен работник, оваа нерамноправност ме мотивира преку активно учество во политиката да дадам свој придонес во креирање социјалдемократски родово еднакви политики кои ќе го движат општеството напред и ќе донесат севкупен прогрес на државата.



**Бети Стаменкоска Трајкоска**

Феминизмот е љубов кон своето, кон своите права.

Ние жените се бориме за женските права дури и кога не го правиме тоа.



**Санела Шкријељ**

Феминистка, со долгодишно искуство во граѓанското општество. Девојките и жените секогаш биле во првите редови на прогресивните промени и затоа мора да се бориме да нè има што повеќе на местата каде што се носат одлуки. Ние, пратеничките, мора да бидеме гласот на секоја една, да се бориме за секоја една.



**Марија Петрушевска**

Борбата за родова еднаквост подразбира борба за почитување на човековите права.

Имаме одговорност како пратенички да преземеме конкретни активности кои конечно ќе стават крај на порастот на фемицидот во Македонија, физичкото, психичкото и сексуалното насилство врз жените и девојчињата. Институциите конечно да ја препознаат својата улога како и да преземеме одговорност во потфрлањето на спроведување на законите и на Уставот.



**Даниела Колева**

Силата и волјата на една жена имаат огромна моќ.

Кога ќе се надополнат и со упорност,  невозможното станува возможно.

За сите убави промени и понатамошни успеси, храброста и смелоста се единствена опција!

Заеднички и со голема поддршка, заедно сме, со вас сме, секогаш!



**Белкиса Зеќири**

За да го поминеш патот на успехот, многу често треба да бараш инспирација.

Нашата обврска е да ги идентификуваме предизвиците  да бидеме носители на реформи за родова рамноправност.

Да ги пробиеме стереотипите, да го зголемиме учеството во секој општествен сегмент, како и да бидеме гласни за да сме слушнати од другите !



**Даниела Стојановска Пановска**

Промени се можни со заедничка работа и застапување за политики и практики кои промовираат родова еднаквост.

Жена си, УМЕЕШ!

Жена си, МОЖЕШ!



**Силвана Ангелевска**

Следете го својот сон.

Не дозолувајте никој и ништо да Ве обесхрабри.

Жената е столбот на општеството.



**Емилија Рамбабова**

Во Клубот на пратенички сите се залагаме за афирмација на положбата на жената во сферата на политиката, но и воопшто во општеството. Заедно се бориме за поголеми права на жените, за поголема и подобра детска и социјална заштита и други сродни области. Верувам дека соодветната застапеност на жените во политиката резултира со поголем успех во организацијата на целата заедница.



**Ане Лашкоска**

Уште од првиот мандат, како и сите колешки пратенички сум дел од Клубот на жени пратенички. Искуството покажува дека сите заедно, жени пратенички, во сите четири мандати во кои сум дел од Парламентот успеавме да донесеме закони во интерес на жените на државава.

Во интерес на граѓаните, политичката припадност може само во овие случаи не беше пречка за остварување на целта.



## Рашела Мизрахи

Модерниот феминизам за мене има за цел да се спротистави на  традиционалната позиција на жените во комфорна зона на наметнатата беспомошност и концептот на патека на послаб отпор.



## Дафина Стојаноска

Наша привилегија е што можеме да носиме и здолништа и панталони, наша чест е што привлекуваме внимание од многу сериозни и способни мажи, а наша обврска е да докажеме дека не сме никакво седмо светско чудо, туку сме политичарки - со само едно “К” повеќе или поразлично од политичарите.



## Мерита Колчи Коџаџику

Еден од најголемите предизвици на демократијата беше и ќе остане родовата еднаквост и вклучување на жените во сите раководни и одлучувачки позиции во една земја. Ние како пратенички, здружувајќи ги силите преку Клубот на пратенички, одигравме клучна улога во оваа насока, бидејќи сме главни чинители во промоцијата и заштитата на човековите права.

Неговото дејствување, иако сите ние припаѓаме на различни политички партии и националности покажавме дека општите интереси не смеат да бидат ниту ограничени, ниту пак (зло)употребени за дневната политика, или партиските интереси. Верувам дека и во иднина, со заеднички напори, ќе ги оствариме нашите цели во интерес не само на жените, туку на сите нас и на општеството во целост.



## Марија Костадинова

Промената сум јас,  која секојдневно ја водам мојата битка за подобро општество за сите нас. За сите кои веруваат во еднаквост, хуманост и почит кон различните идеи и луѓе.



**Фисника Бектеши Шаќири**

Професионалноста, способноста, коректноста, сериозноста се клучот за успехот!

Верувањето во вашите способности е од суштинско значење за создавање на животот што ќе го живеете.

Ако жените и младите го имаат вистинското место во една земја, тогаш имаме земја во која преовладува демократијата.



**Сафије Шаини Садики**

Важно е учеството на жените во политиката, бидејќи жените често имаат различни перспективи и искуства од мажите, што може да доведе до подобри и комплетни решенија на проблемите во заедницата.



**Марија Ангелова**

Клуб на пратенички, над 20 години!

Исто толку борба за унапредување на правата на жената и создавањето на простор да биде активно вклучена во креирањето на политиките во сите сфери на општеството!

За сите жени!



**Даниела Христова**

Нема похрабра и посилна жена од онаа која се бори за женските права!



## Арта Биљали Зендели

Секогаш мислев дека моите определби зависат исклучиво од мене. Родот не го гледав како пречка за ништо. Најмалку за да сонувам и да ги исполнам моите соништа. Но, реалноста во политиката некако ми покажа дека секоја „монета“ има две страни и така почнав да разбирам дека најтешките битки во политиката знаат, освен другото да бидат и родово обоени. Меѓутоа, со тоа треба да се справиме со умешност, трпение и аргументи. Клубот на пратеничките е местото каде едната страна од „монетата“ не е присутна и таму се чувствувам мошне добро, без оној родово обоен притисок и посесивност. Клубот на пратенички е извонредна група каде, едноставно, ние жените парламентарки се чувствуваме одлично. Тој треба да продолжи да постои и да се надградува уште повеќе!



## Соња Михаиловска

Во политиката влегов со срце, со верба и желба за подобра иднина на државата. Тука мислам и со желба да ја унапредиме улогата на жената во општеството, бидејќи зајакнувањето на родовата еднаквост е вкоренета во верувањето дека фер и праведно општество е она во кое сите сме еднакви, без оглед на полот. Не ги штедам моите напори, бидејќи работата бара многу ангажман, а тука секако неопходна е и поддршката која ја добивам од семејството.



## Марија Кочовска

Како млада жена пратеничка, посебно се фокусирам на поддршка на младите жени и нивната застапеност во општеството. Мојата посветеност е на еднакви права и можности за сите, со посебен фокус на улогата на жените во изградбата на општеството. Клубот на пратенички ме мотивира со визија за инклузивност и мојата улога е во поддршка на овие принципи, со цел зголемување на свеста и поддржување на рамноправност во општеството.



## Грација Бакраческа

Само обединети можеме да ги надминеме разликите во општеството.

Чекорете храбро и одлучно, без откажување пред многубројните препреки на кои секојдневно наидуваме.

## Артина Ќазими



Клубот на пратенички дејствува со заедничка и единствена цел - преку законски решенија да се постигне родова еднаквост и унапредување на правата на жените, нивно активно вклучување во процесот на одлучување во државата како и зајакнување и ширење на демократијата во сите сфери на македонското општество.

Треба да се зголеми бројот на жени во парламентите и жените политички лидери, да се подобрат родовите квоти и другите афирмативни мерки за учество на жените во политиката. Се создаваат и зајакнуваат неформални пратенички групи и формални парламентарни комисии за унапредување на родовата рамноправност, но останува ние како претставнички во Собранието да работиме и да дозволиме уште повеќе за статусот на жената.

## Илире Даути



Мислам дека нашиот однос како пратеници не треба да биде диктиран од природни поделби, туку од целта на која ѝ служиме. Доколку таа цел е во служба на нешто да се реши за да се подобри животот на граѓаните, треба да се поддржи без дополнителни предрасуди. Од оваа призма ја гледам и битката за претставување или повеќе права за жените и другите категории граѓани кои не се чувствуваат рамноправни. Секако, работата во рамките на Клубот на пратенички е несомнено дополнителна можност за дејствување во оваа насока.

## Велика Стојкова Серафимовска



Македонската традиционална жена е стамена, храбра, силна и решителна, а истовремено и блага, трпелива, пожртвувана и посветена. Матријахатот е силен во македонската традиција за што сведочат многу фрескописи, но и народни поговорки. Како жена, чест и гордост е да ја чувам традицијата, но и да ја создавам иднината во која и мојата ќерка ќе биде силна жена, исто како и нејзините предци.

## Вјолца Адеми



Родовата еднаквост е суштинско прашање во однос на човековите права. Највисоките стандарди на здравје и правата ја вклучуваат родовата еднаквост како клучен предуслов кој е препознаен во меѓунардоните политики, особено целите за одржлив развој според кои одржливиот развој во едно општество не може да се постигне без постигнување на родовата еднаквост. Многу од целите се специфично насочени кон подобрување на еднаквоста и зајакнување на жените и девојчињата и генерално, унапредување на положбата на жените во светот.



## Рина Ајдари

Правата на жените и девојките се човекови права. Како жени, мајки, сестри, ќерки и, пред сè како политичарки носиме голема одговорност за унапредување на овие права со тоа што ќе ги поддржуваме девојките и жените од нашата земја на секој чекор и на секое нивно барање. Преку Клубот на пратенички сите ние сме посветени на унапредување на оваа голема кауза, суштинска за општата благосостојба.



## Даниела Маркоска

Овој мандат, со моите колешки пратенички, покажавме дека умееме да се бориме за подобра иднина на нашите граѓани. Честопати заедно независно од политичките партии во кои членуваме, донесовме голем број законски измени за подобрување на правата на жените во нашето општество.

Храброста и мудроста се доблест, докажавме дека ги имаме и продолжуваме понатаму.



## Моника Зајкова

Борбата за родова еднаквост не е борба само на жените, таа е борба на сите нас. Од нас зависи дали ќе бидеме активни учесници или пасивни набљудувачи. Доколку сите дадеме скромен придонес во зајакнувањето на учеството на жените во политичкиот живот, Македонија ќе биде многу поубаво место за живеење. Ништо не е недостижно.



## Арбана Пашоли

Жена со амбиции за личен и професионален развој се предизвикува себеси, но и околината во која живее!

Успехот зависи од довербата во себе, многу труд но и од нивото на хармонија помеѓу емоционалната, физичката и ментална состојба на личноста за надминување на предизвиците и постигнување на целите!



**Марија Георгиевска**

Родовата еднаквост треба  да биде висок приоритет на сите чинители во општеството. Треба да бидеме свесни дека ова не е прашање кое ги засега само жените и нивната позиција во општеството.



**Ели Панова**

Политиката долго време била резервирана само за мажите, но сепак сме тука, бидејки имало храбри, одлучни и умни жени кои го направиле простор да се отвори и нашиот пат...

Заедничко на сите жени во клубот на пратенички е тоа што за да стигнеме овде секоја од нас минала свој трнлив и каллив пат, пат поплочен со клевети, оговарање, заговори, деградирања...

Моето мото отсекогаш било: никој неможе да напредува со лош збор и клевета за друг!

Барем тоа да не го правиме ние!

Патот на идните генерации треба да го поплочиме сега, за да дојдат уште повеќе и да не го минуваат она што сме го поминале ние!



**Фаница Николоска**

Имплементиравме политики кои многу придонесоа за родова еднаквост, но, на оваа тема треба уште да работиме за во практиката да се имплементира целосна еднаквост, затоа што жените покажаа дека можат да ги носат клучните прогресивни одлуки во нашето општество.



STABILITY PACT GENDER TASK FORCE

Чест ни е да Ве поканиме на свечената церемонија по повод
промоцијата на *Женскиот парламентарен клуб*
во холот на Свечената сала во
Собранието на Република Македонија (главен влез).
Истовремено, со ова ќе биде одбележана и 3-годишнината од нашето работење.

7 март 2003 година (петок)
од 11.00 до 12.00 часот

МАКЕДОНСКО ЖЕНСКО ЛОБИ

## Решение за свикување на прва пленарна седница за напредокот на родовите прашања

## QR - code/Линк до сајтот Собранието - Клуб на пратенички

*Република Северна Македонија*
*Republika e Maqedonisë së Veriut*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр./Nr. 08 - 1127/ 1**

**01.03.2023 год./viti**

**Собрание на Република Северна Македонија**
Бул. 11 Октомври 10
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut**
Bul. 11 Tetori 10
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

Е-пошта /E-posta: sobranie@sobranie.mk

Врз основа на член 66 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 67 став 1, 68 став 2 и 185 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

за свикување на Сто и седмата седница на Собранието на Република Северна Македонија

Ја свикувам Сто и седмата седница на Собранието на Република Северна Македонија за 8 март 2023 година (среда) со почеток во 11,00 часот, со следниот предлог на

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Информација за за напредокот за родовите прашања во последните две децении во Република Северна Македонија.

Седницата ќе се одржи во сала „Македонија" во зградата на Собранието на Република Северна Македонија.

Në bazë të nenit 66 paragrafit 3 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe neneve 67 paragrafi 1, 68 paragrafi 2 dhe 185 të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, miratoj

**V E N D I M**

për konvokimin e Seancës së Njëqindeshtatë të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut

E konvokoj Seancën e Njëqindeshtatë të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut më 8 mars 2023 (e mërkurë) me fillim në orën 11,00 me këtë propozim

**REND DITE:**

1. Informatë mbi përparimin e çështjeve gjinore në dy dekadat e fundit në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Seanca do të mbahet në Sallën "Maqedonia" në ndërtesën e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut

**ПРЕТСЕДАТЕЛ/KRYETARI**
мr.Talat Xhaferi

Изработил/ Përgatiti: Denis Sinani
Контролирал/Kontrolloi:Петко Крстески
Одобрил/ Aprovoi: Ilmije Jashari
Согласен/ Me pëlqim të:

Превел/Përktheu:Nadire Livoreka
Контролирал превод/Përkthimin e kontrolloi:Fetije Topojani

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ
KLUBI I DEPUTETEVE
PARLIAMENTARY WOMEN'S CLUB